Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за паушално плаќање на персонален данок на доход

ПДД-П

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

Даночен период

од . .

до . .

Рок за поднесување . .

## ПОДАТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Регистарска дејност .

Опис и дополнителен опис на дејноста

Образложение

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Име и презиме

Потпис и печат

М.П.

Својство

Датум на поднесување . .

**Пополнува Управа за јавни приходи*

Датум на обработка . .

Потпис на обработувачот

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Врз основа на член 31 од Законот за персоналниот данок од доход („Службен весник на РМ", бр. 80/93...135/11) обврзникот кој поради определени околности не е во состојба да води деловни книги, или на кого нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста, има право да поднесе барање данокот од доход за приходите од вршење на дејност да го плаќа според паушално утврден нето-приход (паушално оданочување).

Барањето за паушално плаќање на персоналниот данок од доход се поднесува најдоцна до крајот на годината која претходи на годината за која се врши утврдување на данокот, до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk/
Пример: Барањето се поднесува до 31.12.2011 година за да се оствари правото на паушално оданочување во 2012 година. Управата за јавни приходи одлучува по поднесеното барање, дали постојат околностите поради кои обврзникот не е во состојба да ги води деловните книги, или нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста.

Кога Управата за јавни приходи ќе оцени дека се исполнети условите, го утврдува паушалниот нето-приход на обврзникот, имајќи ги предвид местото каде што се наоѓа деловната просторија, опременоста на деловната просторија, пазарните услови во кои се врши дејноста, површината на деловната просторија, староста и способноста на обврзникот, големината на нето-приходот на обврзник кој под исти или слични услови врши иста или слична дејност.
Правото на паушалното оданочување не може да се признае на обврзникот кој врши трговска, угостителска и комисиона дејност (освен обврзникот кој врши трговска дејност исклучиво преку продажни места на организирани зелени пазари), кој вработува други лица, во чија дејност вложуваат други лица, чиј нето-приход во годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот е повисок од две годишни просечни плати.
Ако Управата за јавни приходи утврди дека престанале условите поради кои на обврзникот му е признаено правото данокот да го плаќа според паушално утврден нето-приход, во наредната година ќе го задолжи да води деловни книги.

При пополнување на барањето, податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви. Податоците внесете ги во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.

### ПОДАТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

**Регистрирана дејност** - Впишете ја шифрата на дејноста, пример: 15.12. Исто така, внесете го описот и дополнителниот опис на дејноста, пример: производство на сарачки производи.

**Образложение** - Опишете ги условите под кои ја вршите дејноста, имајќи ги во предвид критериумите наведени во објаснувањето на барањето, пример: дејноста која ја обавувам е нискодоходовна, цената по одделни услуги-поправки е многу мала и согласно условите за работа во деловната просторија и моите знаења, работењето со фискална каса би ми преставувало потешкотија.
Доколку е потребно, во оваа рубрика впишете дополнителни појаснувања за одговорите кои се однесуваат на претходните рубрики, пример: 65 години, 4.5 $м^2$.

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на барањето.
Не заборавајте своерачно да го потпишете барањето и да ставите печат.